Македонски Телеком АД - Скопје
Орце Николов 66, 1000 Скопје

Македонски Телеком
АД ... - Скопје
01-314233/1
14-08-2008

| | |
|---|---|
| До: | Комисија за хартии од вредност на РМ<br>Ул . Димитрија Чуповски бр 26 1000 Скопје |
| Датум: | 14.08.2008 |
| Предмет: | Полугодишни извештаи за 2008 година |

0 835067 900006

Почитувани,

Согласно членовите 156 и 164 од Законот за хартии од вредност (Службен весник на РМ бр.95/2005, 25/2007 и 7/2008), како и подзаконската регулатива, во прилог ви ги доставуваме консолидираните неревидирани финансиски извештаи за периодот од 01.01.2008 до 30.06.2008 подготвени според Меѓународните стандарди за финансиско известување, образложението за работењето на Македонски Телеком АД - Скопје, како и изјавата за вистинитост на истите.

Со почит,

Жарко Луковски
Претседател на Одбор на директори

Николај Бекерс
Главен извршен директор

Македонски Телеком АД - Скопје
Орце Николов 66, 1000 Скопје

До: Комисија за хартии од вредност на РМ
Ул. Димитрија Чуповски бр 26 1000 Скопје

Датум: 14.08.2008

Предмет: Образложение за работењето на Македонски Телеком АД Скопје за периодот од 01.01.2008 до 30.06.2008

Македонски Телеком АД Скопје е најголемата компанија која обезбедува услуги од областа на фиксната телефонија во Македонија. Македонски Телеком АД Скопје поседува 100% од Т-Мобиле Македонија кој е водечки провајдер во полето на мобилната телефонија во Македонија.

Во текот на првото полугодие од 2008 година, приходите бележат пораст како резултат на порастот на приходите од мобилната телефонија, кои и покрај конкуренцијата, бележат континуиран пораст на бројот на претплатниците. Приходите од фиксните телекомуникациските услуги бележат благ пад споредено со истиот период минатата година. Интернет приходите и понатаму бележат континуиран пораст како резултат на продолжување на трендот на пораст на бројот на АДСЛ Интернет претплатници. Исто така зголемување на приходот е остварен и кај приходот од продажба на опрема и закуп на линии. Позитивно влијание врз порастот на приходите има и продажбата на подружницата Монтмак во Црна Гора, во првиот квартал од оваа година, која беше во целосна сопственост на Македонски Телеком АД.

На страната на трошоците забележуваме зголемување на трошоците од продажба на опрема кои пак ги следат зголемените приходи од истата активност. Трошоците за вработени исто така бележат раст во споредба со истиот период минатата година како резултат на програмата за доброволно заминување од компанијата спроведена во првата половина на 2008 година. Трошоците за амортизација се намалени во споредба со истиот период минатата година. Останатите трошоци бележат благ раст како резулат на зголемениот интензитет на маркретинг кампањите, како и на зголемувањето на негативните курсни разлики во однос на истиот период од минатата година.

Како што беше претходно објавено Маѓар Телеком кој поседува 51,00% од Македонски Телеком АД - Скопје (Компанијата) преку Каменимост Комуникации АД Скопје - во ликвидација, врши истрага во однос на можни прекршувања на политиката на Групацијата или важечките закони и прописи, којашто истрага ја вклучува и Компанијата.

Оваа истрага која ја врши независна правна фирма и која е под надзор на Одборот за ревизија на Мaѓар Телеком, е сеуште во тек. Во мај 2008 независната правна фирма достави до Мaѓар Телеком “Извештај за статусот за македонскиот дел од од независната истрага”. Во статусниот извештај, независната правна фирма, покрај другите работи, назначи дека: ”постојат потврдни докази за нелегитимност во склучувањето и/или извршувањето” на шест договори за советување, маркетинг, финанансиски анализи при преземање и/или за лобирање во Македонија склучени во периодот помеѓу 2004 и 2006 година помеѓу Мaѓар Телеком и/или различни негови поврзани друштва од една страна и кипарска консултантска компанија и/или нејзините поврзани друштва од друга страна, по

Македонски Телеком АД - Скопје
Орце Николов 66, 1000 Скопје

кој основ Маѓар Телеком и/или неговите поврзани друштва платиле во вкупен износ повеќе од ЕУР 6,7 милиони. Министерството за внатрешни работи на Република Македонија побара информации и документи во врска со активностите на набавки и исплати по основ на дивиденда во Македонија од страна на зависни друштва на Маѓар Телеком во Македонија.

Како резултат на истрагата, која е во тек, консолидираните финансиски извештаи за 2005, 2006 и 2007 година изготвени според Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) сеуште не се ревидирани. Не може да се даде уверување дека како резултат на истрагата, консолидираните финансиски извештаи за 2005, 2006 и 2007 година изготвени според МСФИ и финансиските извештаи или финансиските информации за било кој друг период вклучувајќи го било кој период од 2008 година нема да се разликуваат од оние поднесени и објавени пред завршувањето на истрагата и ревизијата на тие финансиски извештаи и податоци.

Николај Бекерс
Главен извршен директор

Македонски Телеком АД - Скопје
Орце Николов 66, 1000 Скопје

## КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА СОСТОЈБА СПОРЕД МСФИ

**Македонски Телеком АД Скопје**
**Матичен број 5168660** (во илјади денари)

| Позиција | 31.12.2007 | 30.06.2008 |
|---|---|---|
| СРЕДСТВА | | |
| А) Побарувања за запишан а неуплатен капитал | | |
| Б) Долгорочни средства | 16.350.410 | 15.973.396 |
| Нематеријални средства | 1.951.977 | 1.959.076 |
| Материјални средства | 14.067.684 | 13.786.798 |
| Долгорочни вложувања | 227.168 | 116.127 |
| Долгорочни побарувања | 103.581 | 111.395 |
| В) Тековни средсва | 17.412.915 | 21.165.668 |
| Залихи | 332.981 | 351.730 |
| Побарувања од купувачи | 2.769.230 | 3.052.243 |
| Побарувања за аванси | 16.380 | 65.841 |
| Останати краткорочни побарувања | 33.149 | 44.227 |
| Краткорочни финансиски вложувања | 7.384.557 | 9.522.855 |
| Активни временски разграничувања | 147.781 | 303.111 |
| Парични средства и еквиваленти на парични средства | 6.728.837 | 7.825.661 |
| | | |
| ВКУПНО АКТИВА | 33.763.325 | 37.139.064 |
| КАПИТАЛ И ОБВРСКИ | | |
| А) Капитал и резерви | 29.960.055 | 32.994.376 |
| Запишан капитал | 9.583.888 | 9.583.888 |
| Премии за емитирани акции | 540.659 | 540.659 |
| Ревалоризациони резерви | - | - |
| Резерви | 2.475.068 | 2.475.068 |
| Акумулирана добивка | 21.203.945 | 24.238.266 |
| Откупени сопствени акции | (3.843.505) | (3.843.505) |
| | | |
| Б) Долгорочни резервирања за ризици и трошоци | 381.841 | 551.665 |
| | | |
| В) Малцински интерес | - | - |
| | | |
| Г) Долгорочни обврски | 139.607 | 126.610 |
| | | |
| Д) Тековни обврски | 3.281.822 | 3.466.413 |
| Обврски спрема добавувачи | 827.921 | 780.975 |
| Останати краткорочни обврски | 959.297 | 936.890 |
| Обврски за аванси | 37.898 | 31.544 |
| Обврски по краткорочни кредити | - | - |
| Одложено плаќање на трошоци и приходи во идни периоди | 1.456.706 | 1.717.004 |
| | | |
| ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ | 33.763.325 | 37.139.064 |

Николај Бекерс
Главен извршен директор

Македонски Телеком АД - Скопје
Орце Николов 66, 1000 Скопје

КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА УСПЕХ СПОРЕД МСФИ

**Македонски Телеком АД Скопје**
**Матичен број 5168660**

**(во илјади денари)**

| | 01.01-30.06.2007 | 01.01-30.06.2008 |
|---|---|---|
| **Позиција** | | |
| | | |
| **Приходи од продажба** | 8.535.285 | 8.967.536 |
| | | |
| Останати оперативни приходи | 176.544 | 444.600 |
| | | |
| Промени на залихи на готови производи и производство во тек | - | - |
| | | |
| Сопствени производи употребени и капитализирани во претпријатието | 140 | - |
| | | |
| Потрошени материјали и ситен инвентар | (38.024) | (42.306) |
| Трошоци за вработените | (756.252) | (1.142.833) |
| Амортизација и ревалоризација на амортизација | (1.603.642) | (1.444.717) |
| Останати оперативни расходи | (2.402.412) | (2.874.424) |
| Набавна вредност на трговски стоки | (531.197) | (704.234) |
| | | |
| **Добивка од оперативно работење** | **3.380.442** | **3.203.622** |
| | | |
| Финансиски приходи | 340.682 | 287.646 |
| Финансиски расходи | (14.734) | (14.686) |
| | | |
| **Добивка од редовно работење пред оданочување** | **3.706.390** | **3.476.582** |
| | | |
| Данок од добивка | (466.056) | (442.261) |
| | | |
| **Добивка од редовно работење по оданочување** | **3.240.334** | **3.034.321** |
| | | |
| Малцински интерес | - | - |
| | | |
| **Нето добивка од редовни активности** | **3.240.334** | **3.034.321** |
| | | |
| Вонредни приходи | - | - |
| Вонредни расходи | - | - |
| | | |
| **Нето добивка** | **3.240.334** | **3.034.321** |

**Николај Бекерс**
**Главен извршен директор**

Македонски Телеком АД за ел. комуникации - Скопје

Македонски Телеком АД - Скопје
Орце Николов 66, 1000 Скопје

## КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ НА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ СПОРЕД МСФИ

Македонски Телеком АД Скопје
Матичен број 5168660

(во илјади денари)

| Позиција | 31.12.2007 | 30.06.2008 |
|---|---|---|
| | | |
| **А) Парични текови од деловни активности** | **9.669.909** | **4.174.764** |
| | | |
| Нето добивка после оданочување | 6.161.001 | 3.034.321 |
| Амортизација | 3.273.901 | 1.444.717 |
| Ревалоризација на амортизација | - | - |
| Зголемување/(намалување) на залихи | 9.254 | (18.749) |
| Зголемување/(намалување) на побарувања од купувачите | (66.529) | (283.014) |
| Зголемување/(намалување) на побарувања за аванси | 29.647 | (49.461) |
| Зголемување/(намалување) на останати краткорочни побарувања | (15.854) | (11.078) |
| Зголемување/(намалување) на АВР | (8.152) | (155.330) |
| Зголемување/(намалување ) на обврски срема добавувачите | (401.017) | (18.179) |
| Зголемување/(намалување) на обврски за примени аванси | (270) | (6.354) |
| Зголемување/(намалување) на останати краткорочни обврски | 189.033 | (22.407) |
| Зголемување/(намалување) на ПВР | 498.895 | 260.298 |
| | | |
| **Б) Парични текови од инвестициони активности** | **(5.476.806)** | **(3.234.767)** |
| | | |
| Директни набавки на материјални и нематеријални средства | (2.350.188) | (1.216.454) |
| Продажба на материјални и нематеријални средства | 153.667 | 16.756 |
| Зголемување/(намалување) на долгорочни вложувања | (56.349) | 111.042 |
| Зголемување/(намалување) на долгорочни побарувања | (20.377) | (7.813) |
| Зголемување/(намалување) на краткорочни финансиски вложувања | (3.203.559) | (2.138.298) |
| | | |
| **В) Парични текови од финансиски активности** | **(7.147.538)** | **156.827** |
| | | |
| Зголемување на капиталот | | |
| Зголемување/(намалување) на долгорочни кредити (долгорочни обврски и резервирања) | 279.256 | 156.827 |
| Стекнување на малцински интерес | - | - |
| Исплатени дивиденди | (7.426.794) | - |
| Откуп/продажба на сопствени акции | - | - |
| | | |
| **Зголемување/(намалување) на парични средства** | **(2.954.435)** | **1.096.824** |
| | | |
| **Паричнисредства на почеток на годината** | **9.683.272** | **6.728.837** |
| | | |
| **Парични средства на крајот на годината/периодот** | **6.728.837** | **7.825.661** |

Николај Бекерс
Главен извршен директор

Македонски Телеком АД за електронски комуникации - Скопје

Македонски Телеком АД - Скопје
Орце Николов 56, 1000 Скопје

КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНА НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ СПОРЕД МСФИ

Македонски Телеком АД Скопје
Матичен број 5168660

(во илјади денари)

| Позиција | 31.12.2007 | Зголемување | Намалување | 30.06.2008 |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| Запишан капитал | 9.583.888 | - | - | 9.583.888 |
| Премии на емитирани акции | 540.659 | - | - | 540.659 |
| Откупени сопствени акции | (3.843.505) | - | - | (3.843.505) |
| Резерви | 2.475.068 | - | - | 2.475.068 |
| Акумулирана добивка/загуба | 28.630.739 | 3.034.321 | - | 31.665.060 |
| Дивиденди | (7.426.794) | - | - | (7.426.794) |
| Ревалоризациони резерви | - | - | - | - |
| Вкупно капитал и резерви | 29.960.055 | 3.034.321 | - | 32.994.376 |

Николај Бекерс
Главен извршен директор

Македонски Телеком АД - Скопје
Орце Николов 66, 1000 Скопје

До: Комисија за хартии од вредност на РМ
Ул . Димитрија Чуповски бр 26 1000 Скопје

Датум: 14.08.2008

# ИЗЈАВА

Во согласност со Законот за хартии од вредност на РМ, јас Николај Бекерс на функција Главен извршен директор во Македонски Телеком АД - Скопје, потврдувам дека доставените консолидирани неревидирани финансиски извештаи изготвени според Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) и поврзаното со нив образложение за работењето за периодот од 01.01.2008 до 30.06.2008 се точни и вистинити.

Како што беше претходно објавено Маѓар Телеком кој поседува 51,00% од Македонски Телеком АД – Скопје (Компанијата) преку Каменимост Комуникации АД Скопје - во ликвидација, врши истрага во однос на можни прекршувања на политиката на Групацијата или важечките закони и прописи, којашто истрага ја вклучува и Компанијата.

Оваа истрага која ја врши независна правна фирма и која е под надзор на Одборот за ревизија на Маѓар Телеком, е сеуште во тек. Во мај 2008 независната правна фирма достави до Маѓар Телеком “Извештај за статусот за македонскиот дел од од независната истрага”. Во статусниот извештај, независната правна фирма, покрај другите работи, назначи дека: ”постојат потврдни докази за нелегитимност во склучувањето и/или извршувањето” на шест договори за советување, маркетинг, фининансиски анализи при преземање и/или за лобирање во Македонија склучени во периодот помеѓу 2004 и 2006 година помеѓу Маѓар Телеком и/или различни негови поврзани друштва од една страна и кипарска консултантска компанија и/или нејзините поврзани друштва од друга страна, по кој основ Маѓар Телеком и/или неговите поврзани друштва платиле во вкупен износ повеќе од ЕУР 6,7 милиони. Министерството за внатрешни работи на Република Македонија побара информации и документи во врска со активностите на набавки и исплати по основ на дивиденда во Македонија од страна на зависни друштва на Маѓар Телеком во Македонија.

Како резултат на истрагата, која е во тек, консолидираните финансиски извештаи за 2005, 2006 и 2007 година изготвени според МСФИ сеуште не се ревидирани. Не може да се даде уверување дека како резултат на истрагата, консолидираните финансиски извештаи за 2005, 2006 и 2007 година изготвени според МСФИ и финансиските извештаи или финансиските информации за било кој друг период вклучувајќи го било кој период од 2008 година нема да се разликуваат од оние поднесени и објавени пред завршувањето на истрагата и ревизијата на тие финансиски извештаи и податоци.

Николај Бекерс
Главен извршен директор